# ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ - СКОПЈЕ

Студиска програма: **КРИМИНАЛИСТИКА**

Времетраење на студиската програма: **1 година**

ЕКТС кредити: **60**

## Цели на студиската програма

Насоката Безбедност и финансиска контрола ќе профилира кадри кои, во согласност со концептот на модерното универзитетско образование за непосредно поврзување на теоријата и практиката, ќе се стекнат со **знаењаивештини за:**

- современите општествено - економски развојни процеси и перспективи;
- создавањето на капиталот по пат на експлатација на средствата и трудот и создавањето добивка, профит;
- менаџирање со материјалните и финансиските вредности, со акцент на нивната контрола;
- општествените противречности, конфлкти и други облици на деструкции кои го дестабилизираат и рушат политичкиот, економскиот и финансискиот систем преку злоупотреба и различни видови на криминалитет и
- формите и начините за превентивно и репресивно делување со цел попречување и сузбивање на споменатите појави.

**Мисијата** на студиите е научно спознавање и обука во областа Безбедност и финансиска контрола со етаблирање на стандарди и нормативи на Европскиот образовен систем.

**Целите** на овие студии се јасно детерминирани.

**Општата или глобална цел е** следната: да се развие, да се прошири и да се унапреди знаењето од економските, безбедносно-криминалистичките и кривично-правните науки и да се поттикне практичната примена на ваквите знаења.

**Посебнатацел** претставува: едуцирање на кадри кои ќе бидат вклучени во реформирањето на финансискиот систем, царинскиот систем, даночниот систем и безбедносниот систем, согласно стандардите на Западно-европските земји, со цел успешно спроведување на Евро-Атланските интеграции и успешно егзистирање на Р. Македонија во истите ( ЕУ, НАТО и друго).

**Потребата** од ваков профил на кадри во Република Македонија е повеќе од актуелна. Многубројните девијантни појави од претходно споменатиот вид, претставуваат една од основните пречки на патот кон Евроинтегрирањето на Р. Македонија. Поставувањето на овие појави во една толерантна рамка претставува императивна задача за надлежните институции во Р. Македонија. Отсуството на соодветен кадар за реализирање на оваа задача е повеќе од очигледно. Недостаток од ваков профил на кадри постои во: Министерство за финансии-Сектор за финансова полиција и Управа за јавни приходи со сите подрачни единици во единиците на локалната самоуправа, Министерство за внатрешни работи-Сектор за стопански криминал, Царинска управа на Република Македонија и сите останати државни институции и стопански субјекти во земјата.

## Резултати од учењето (специфични дескриптори на квалификации)

### Знаења и разбирање:

Знаења, вештини и способности за научно и стручно истражување на општествено безбедносните проблеми во економско – финансискиот систем. Лидерски способности и знаења за раководење и учество во научни и стручни истражувања и проекти за идентификација и поставување на проблем на истражување и поставување на методологија на истражување на проблем од научен и стручен интерес како и структуирање на методи, средства и инструменти на истражување со цел на добивање на релевантни податоци кои ќе бидат од корист за креирање на политики и стратегии за решавање на безбедносните проблеми и криминални поведенија со кои се нарушува економско – финансискиот систем и идентификација и подведување кон кривичен прогон на сторителите на кривични дела со кои се загрозува економско – финансискиот систем и имотот на државата и граѓаните. Знаења и вештини за поставување и градење стратегии за решавање на криминални случаи со транснаицонален карактер со почитување на националното и меѓународното законодавство и знаења за улогата и функционирањето на меѓународните органи и тела за сузбивање на организираниот економско – финансиски криминалитет и перењето пари како глобален проблем.

### Примена на знаењето и разбирањето:

Способности и знаења за имплементирање на меѓународните и националните закони во водење на случаи за истражување на поединни случаи на безбедносно криминални проблеми со учество на мешовити тимови на истражување и размена на податоци, пружање на помош и подршка за целосно расветлување и докажување по принципот на цасе стадѕ. Способности и знаења за тимската работа, координацијата и соработката на лоњ енфорцемент агенсис во функција на истражување, докажување и конфискација на криминалните приноси од страна на организираните криминални организации кои делуваат не само во национални, туку и во меѓународни рамки. Знаења и способности за почитувањето на човековите права како основен постулат во водењето на истрагите.

### Способност за проценка:

Знаења, вештини и способности за градење на методологија на истражување преку примена на сооодветни методи на истражување и инструменти за добивање на релевантни показатели за безбедносниот проблем во функција на апликативна примена на резултатите од истражувањето.

### Комуникациски вештини:

Способности и вештини за комуникација во процесот на истражување и спремност за професионален однос при размена на податоци и заклучоци од истражувањето во функција на градење на стратегии за решавање на безбедносни проблеми и сложени криминални случаи помеѓу институции и тела на национално и меѓународно ниво.

### Вештини на учење:

Способност за критичен осврт на сопствени истражувања и анализа и примена на достигнувања од други истражувања со цел градење на методологија за понатамошни и истражувања и изнаоѓање на нови методи и средства во функција на детекција и решавање на безбедносните проблеми во економско – финансискиот систем.

# ЛИСТА НА ПРЕДМЕТИ

## *Семестар 1*

### *Криминалистика – тактика, техника и методика – современи концепти (6 ЕКТС)*

Темите што се предлагаат имаат за цел да ги оспособат студентите-последипломци за изработување на продлабочени истражувања, анализи, прогнози, стратегии и превенција на негативните безбедносните појави, особено за криминалитетот како масовна појава во општеството. Во оваа насока, всушност, се движат и реформските зафати на безбедносните структури во Република Македонија.

### *Криминологија и криминална политика (6 ЕКТС)*

Како спој меѓу две самостојни научни дисциплини, предметот има за цел да ги продлабочи знаењата за двете дисциплини, со нагласка на изучувањето на современите форми на криминалитетот, од аспект на двете дисциплини. Воедно, студентите ќе се оспособат, преку причувањето на клучните делови на криминологијата (феноменологијата и етиологијата), да осознаат како тие стануваат основа за криминалнополитичко вреднување (казнена политка, посебно системот на кривичните санкции, превенцијата, операционализирани преку соодветни превентивни програми, прогноза и др.)

### *Методологија на истражување на криминалитетот (6 ЕКТС)*

Студентите се стекнуваат со основните знаења од Методологијата на истражувањето на криминалитетот, посебно основните содржини и принципи на логичкото мислење. Тие се способни да ги разликуваат научните од другите видови сознанија, го познаваат предметот и методиите на методологијата. Стекнуваат знаења за процесот на изработката и реализацијата на проектот на истражувањето. При тоа како посебно специфични знаења се осопособеноста да ги дефинираат податоците, да ги познаваат техниките за собирање, средување и обработка на податоците, посебно на статистичките техники на обработка и прикажување на поатоците. Во таа смила тие ќе знаат да ги обработат, прикажат и интерпретираат податоците, како и ќе ги совладаат другите техники и средства на аналитичката постапка и вршењето на квалитетна анализа. Студентот е оспособен студентите за трагање по објективната вистина со користењето на истражувачките методи, техники и инструменти и со врладеење наоблиците на интелектуалното мајсторство, посебно во пишувањето на на извештајот и другите облици на соопштување на резултатите од научно-истражувачката работа.

### *Кривично право - материјално и процесно (6 ЕКТС)*

Стекнување на продлабочени знаења за кривично-правните институти. Стекнување продлаб очени знаења за генералните концепциски тенденции за реформите во современите кривично-правни системи. Проучување, анализа и и развивање на интелектуални способности за полемичка дискусија за поновите инкриминации, предностите и слабостите во нивата практична примена, како и предлагање нови предлог-решенија, со цел за нивна поефктивна и поефикасна примена .
Проучување на правните норми соа кои се уредува положбата и овластувањата на процесните странки и другите субјекти кои учествуваат во кривичната постапка, видот, формата и условите за преземање на процесните дејствија со кои се остварува целта на кривичната постапка, како и правните последици во случај на повреда на ваквите прописи.

***Стратешки анализи и криминалистичко разузнавање (6 ЕКТС)***

Целта на оваа програма е проучување на сегашната состојба и развојот на стратешкото и криминалистичкото разузнавање. Програмата е дизајнирана да се стекнат знаења од оваа област а кои се потребни во работењето на безбедносните институции и професионалците на полето на разузнавањето. Програмата е концентрирана на примената на стратешкото разузнавање од сите аспекти, продлабочувањето на поврзаноста помеѓу стратешкото разузнавање и индивидуалната способност за подобро разбирање и објаснување на сегашноста и на истражувањата на идните безбедносни и криминални појави, состојби и настани.Исто така, ќе се разгледува и организациската поставеност на институциите кои работат во сферата на безбедноста и можностите за мултидисциплинарен пристап во работата со акцент на проактивните активности. Во делот на криминалистичкото разузнавање ќе се проучуваат разузнавачката анализа преку современите теоретски концепти во криминологијата, казнено процесното право, организациските теории како и еден дел од аналитичките методи и техники кои наоѓаат соодветна примена во безбедносните служби.

***Корупција и организиран криминал (6 ЕКТС)***

Целта на овој предмет е да им овозможи на студентите од втор циклус да се запознаат со етиологијата, феноменологијата и општествената контрола на мултидимензионалната природа на системската корупција и организираниот криминал. Исто така, потребно е студентите да се запознаат со трансцеденталноста на поимот организиран криминал во сите аспекти на неговата практично консеквентна релевантност. Исклучително значајно ќе биде да се сфати потребата од системско-стратешкиот пристап при проекција на кохерентни, комлементарни, квалитативно нови превентивни политики и стратегии, како на меѓунродно, така и на национално ниво.

***Виктимолошки аспекти на современите форми на криминалитетот (6 ЕКТС)***

Виктимологија- минато, сегашност и иднина. Анкети (посебно меѓународни) за виктимизација. Традиционалните и современите сфаќања за предметот на виктимологијата. Реформите на казненото законодавство и жртвите на кривичното дело. Современите форми на криминалитетот и нивното проучување од виктимолошки аспект (општ преглед); Транзицијата, жртвите и совремните форми на криминалитет. Конкретни форми на криминалитет- виктимолошки аспекти (деликти од омраза, трговија со човечки органи, илегално посвојување, семејно насилство, жртви на злоупотреба на власта

***Еколошки криминалитет (6 ЕКТС)***

Се изучуваат совремините форми на еколошкиот криминалитет, со што се пополнува една празнина која денес постои во нашата криминалистичка учебничка литература. Со тоа студентот, преку стекнување на основните сознанија во врска со проблемот на загрозување и заштита на животната средина, како и со надградбата со проблематиката која се однесува на современата безбедносна стратегија за спречување на еколошкиот криминалитет, ќе се здобие со доволно стручни знаења и искуство за да може оперативно, во целина и ефикасно, да работи во ОВР и други соодветни институции на откривањето и докажувањето на еколошките кривични дела, како и да менаџира со управувањето со заштитата на животната средина.

***Економски и финансиски криминал (6 ЕКТС)***

Стекнати знаења и вештини за препознавање на појавните форми и облици на економско – финансискиот криминалитет, својствата на сторителите на економско – финансиските кривични дела, организиран начин на криминално делување или злосторничко здружување и изнаоѓање на методи и тактики во примената на законските мерки и дејствија и нивно комбинирање со цел обезбедување на докази за сторените кривични дела и нивните сторители и преку примена на соодветни методи да се прави идентификација и обезбедување на криминалните приноси со цел нивна конфискација

***Психологија на криминалното однесување и психопатологија (6 ЕКТС)***

Целта е разбирањето напсихолошкитефактори кои придонесуваат за криминалното однесување, односно придонесот на психологијата во откривањето итолкувањето на криминалното однесување и помагање во превенција на криминалитетот;влијанието на психолошките модели во превенцијата и третман за намалување на рецидивизмот. Студентите ќе се запознаат со истражувањата наиндивидуалните фактори, меѓу кои и менталната болест, кои водат во криминал и видови на третмани за модификација на однесувањето и нивното имплементирање во пракса.

***Меѓународна полициска соработка (6 ЕКТС)***

Цели на предметната програма се студентот дасе стекне со следниве компетенции:

- Да се запознае и да ја разбере улогата, значењето и одговорноста на меѓународните полициски организации и др. договори за полициска соработка во спречување на новите форми на транснационален организиран и др. видови на тежок криминал
- Да може да го разберат развојот на различните форми на МПС во контекст на современата глобализација и регионалните интеграциски процеси
- Да може да учествува во работата на телата за МПС конституирани во областа на слободата безбедноста и правда на ЕУ и аранжманите во ЈИЕ (Европол, Европравда, Фронтекс , СЕЛЕК, РСС и др)

***Правото на ЕУ - област на слобода, безбедност и правда (6 ЕКТС)***

Цели на предметната програма се студентот дасе стекне со следниве компетенции:

- Да се запознае и да ја разбере улогата и значењето на правото и институциите на ЕУ во областа на правда и внатрешни работи (поранешен трет столб)
- Да може да учествува во процесот на пристапувањето на РМ во ЕУ и да го применува правото на
- Да може да учествува во работата на телата на ЕУ во областа на ПВР (Европол, Евроџаст, Фронтекс , и др)

***Современи теории и системи на безбедност (6 ЕКТС)***

Целта на овој предмет е магистрантите да овладеат со потребните знаења од сферите на современите теории и системи на безбедност на овој академски степен.Посебно, магистрантите треба треба да станат компетентни за теоретски промислување во врска со големите промени во меѓународната сфера, во поглед на безбедноста и главните причини што влијаат врз безбедноста на личен, групен, национален, меѓународен и глобален план.Воедно, подлабоко теоретски да навлезат во современите теоретски пристапи кон безбедноста, од реалистичките и либералистичките до критичките, што се карактеристични по завршувањето на „студената војна".Исто така, магистрантите да овладеат со знаења за поставеноста и дејствувањето на современите безбедносни системи, во контекстот на сложените конфликти во светот на национален и меѓународен план.На тој начин, кандидатите да станат компетентни за практично вклучување во работата на безбедносните институции на национален и меѓународен план и да дадат конкретен придонес во изнаоѓање на безбедносни решенија.

***Разузнавање и контраразузнавање (6 ЕКТС)***

Целта на предметната програма е кандидатите да се стекнат со повисоки академски знаења од сферите на теоријата и организацијата на разузнавачката и контраразузнавачката активност, методиката на разузнавачката и контраразузнавачката работа во современиот свет и влијанието на разузнавањето и контраразузнавањето во современите меѓународни безбедносни констелации.Во таа смисла, кандидатите да станат компетентни на планот на теоретските промислувања во разузнавачко-контраразузнавачката област и за практично вклучување во работата на институциите од оваа сфера на национален и меѓународен план.

***Превенција на криминалитетот – ситуационен пристап (6 ЕКТС)***

Студентите да стекнат соодветни знаења, односно подлабоко да се запознаат со развојот и со новите предизвици на превенцијата на криминалитет, да ги разберат и препознаат современите пристапи, особено на ситуационата превенција.

**Задачи и очекувани резултати:**
**а) Знаења и разбирања:** Запознавање на студентите со новите трендови во превенцијата на криминалитетот како концепт и како процес на градење превентивна стратегија за справување со криминалитетот.
**б) Вештини:** Развивање на студентите вештини и компетенции за развој на превентивни модели во справување со криминалитетот и создавање безбедни средини за живеење, преку планирање соодветни превентивни механизми и развој на превенција базирана на знаење и на докази.

***Трговија со луѓе и илегална миграција (6 ЕКТС)***

Запознавање со миграционите движења и со нив поврзаните илегални миграции, за да овие процеси се поврзат со појавата на трговијата со луѓе, како еден од современите облици на криминалитет, поаѓајќи од неговата природа, разграничувањето од појавата на криумчарење мигранти, запознавање со меѓународните инструменти од оваа област и со националното законодавство; феноменолошките и етиолошките аспекти на појавата, со посебен акцент врз нејзината виктимолошка димензија, како и криминалистичките аспекти на проучување (кој во себе има и аспект на стекнување на знаења и вештини за спречувањето и сузбивање на појавата).

***Човекови права и хуманитарно право  (6 ЕКТС)***

Во рамки на оваа програма се изучува концептот на човекови права и слободи, сместување на полицијата во рамки на концептот за човекови права, меѓународниот систем за заштита на човековите права. Исто така се проучува заштитата на човековите права за време на вооружен судир, основните одговорности при спроведување на законот, забраната на тортура и злоставување, како и состојбите во Република Македонија во оваа област. Целта на оваа програма е да го развие концептуалното разбирање на студентите за практиките и процедурите во врска со наведените феномени. Со пристапувањето кон Женевските конвенции за заштита на жртвите во војна од 1949 и нивните Дополнителни Протоколи од 1977 и 2005 година, Република Македонија презеде обврска за нивна имплементација и дисеминација, како и да ги проучува во наставните планови и програми на универзитетско ниво. Основната цел на овој предмет е студентите попродлабочено да се запознаат со содржината на обичајните правила и одредбите на меѓународните договори од областа на МХП; со основните принципи на МХП; како и подетално да се запознаат со основните хуманитарни правила за заштита на човекот – за да се зголеми нивната способност за ефективно работење во наведените области.

***Сообраќајна делинквенција  (6 ЕКТС)***

Целта на програмата е студентите низ мултидисциплинарен пристап да се стекнат со продлабочени знаења од областа на сообраќајната делинквенција и безбедноста во сообраќајот; Да се оспособат  за компетентно и непосредно дејствување во истражување и разрешувањето на опасните ситуации во сообраќајот и даваат соодветен придонес во превенцијата и ефективна репресија на сообраќајната делинквенција.

***Малолетничка делинквенција и децата како жртви на криминал (6 ЕКТС)***

Основна цел е да се стекнат продлабочени знаења за новиот систем на малолетничка правда, неговиот концепт (посебно за концептот на РП), делови, субјекти кои се во него вклучени (од државните органи до цивилниот сектор), превенцијата (насочената кон малолетните лица кои се во ризик, допир и конфликт со законот, како и кон жртвата). Стекнување поголем сенс за постапување со нив и за ранливоста на овој дел од популацијата.

***Тероризам и сузбивање на современите форми на тероризам (6 ЕКТС)***

Способност за прибирање, анализирање и презентирање информации преку употреба на постоечки методи.

***Менаџмент на човечки ресурси  (6 ЕКТС)***

Програмата има за цел на последипломците да им овозможи продлабочено изучување на теоретските сознанија за важноста, местото и улогата на современиот менаџмент; Усвојување на потребните знаења и оспособување со компетенции за ефикасно и ефективно раководењето со човечките ресурси и потенцијали во насока на успешно реализирање на организациските цели.

***Методика на истражување и спречување на радикализам и насилен екстремизам  (6 ЕКТС)***

Способност за препознавање, откривање и спречување на различни форми на радикализам и насилен екстремизам.

***Наука и модели на полициско работење (6 ЕКТС)***

Предметот „Полициска наука и полициско работење" претставува продолжение, во форма на продлабочување, на наставните содржини опфатени со предметот „Вовед во полициски науки" (од прв цилус студии на студиските програми: Криминалистика, Безбедност и Криминологија и криминална политика). Целта на предметот е да се стекнат напредни знаења за полициското работење, полициската наука и полициската организација врз основа на научните одстигнувања, анализи и критичкиот однос за развојот, потребите и реалностите во полициските науки. Се работи за интердисциплинарна теориско-емпириска научна дисциплина во која фокусот е ставен на компаративна анализа на знаењата од областа на полициските науки и истражувањата спреведени за потребите и во рамките на полицијата.

***Современи теории и концепти во приватната безбедност (6 ЕКТС)***

Стекнување продлабочени знаења за современите теории, концепти истражувања во приватната безбедност кај нас и во светот . Усвојување на најзначајните современи концепти во приватната безбедност (односот приватна-јавна безбедност, современите гледишта за приватизацијата на безбедноста, јавниот и приватниот полисинг, јавно-приватните безбедносни партнерства). Усвојување на современите теоретски парадигми во развојот на приватната безбедност (неолибералистичка, постмодерна, структурно-функционална, критичка). Оспособување за самостојно, систематско и квалитетно изведување на истражувања за актуелни и современи појави во приватната безбедност

***Посебно управно право (6 ЕКТС)***

Развивање на научни сознанија, способности и академски вештини во процесот на истражување на посебното управно право, развивање на аналитичко размислување со споредување на теоретски ставови и можности за нивна примена, владеење на соодветни научни методи при изучување на релевантна научна литература и правни извори, во согласност со соврмените правци на проучување на научните дисциплини кои ја изучуваат управата. Целта е да се овозможи стекнување на продлабочено знаење за посебното управно право, поаѓајќи од основните институти на управното право се до изучување на законската регулатива од оваа област во нашата земја. Студентите ќе бидат во состојба да препознаат како основните принципи на управното право се применуваат на посебните институти во специфичните управни области.

***Полициски овластувања и човекови права (6 ЕКТС)***

Цел на предметната програма е преку директно инкорпорирање на опсегот и доктрината на ЕКЧП како и националните извори на правото, проширување на знаењата за функционирањето на органите задолжени за спроведување на законот ориентирано кон почитување на човековите права. Наставните теми во голема мера го потенцираат влијанието на ЕКЧП врз полициското работење. Задача на наставата во рамките на овој предмет е да им овозможи на студентите:

- Зајакнување на капацитетот за истражување на специфичнатаврска меѓу спроведување на законот и заштитата на човековите права
- Продлабочено разбирање на влијанието на јуриспруденцијата на ЕСЧП врз националните практики во спроведување на законот,
- Развивање на аналитичко мислење на понатамошна имплементација и унапредување на правото за човекови права во национален контекст,

Развивање на интелектуални вештини за критичко разбирање на полициското работење во општествено- историски контекст

***Судска медицина – Современи методи и нивна примена  (6 ЕКТС)***

- Запознавање на учесниците со основите на судската медицина
- Значење, вредност и индикации за судскомедицинска обдукција
- Судскомедицинско вештачење, квалитет и употебливост
- Критериуми  за избор на вешти лица
- Лекарски грешки и несовесно лекување
- Основи на ДНА форензичната анализа

***Методика на истражување на перење пари и финансирање на тероризам (6 ЕКТС)***

Стекнување со знаења и вештини за препознавање на фазите на перење пари, начините и шемите на перењето пари како и поврзаноста на овој криминал како второстепен со првостепен криминал, односно криминалот од кој потекнуваат нелегалните пари предмет на легализација. Стекнување со вештини и способности за координација, соработка и тимски пристап на криминалистичко и финансиско истражување на национално и меѓународно ниво. Стекнување на способности и вештини за препознавање на облиците и изворите на финансирање на тероризам и поврзаноста на финансирањето на тероризмот со перењето пари, но и со други облици на криминал од каде се финансираат терористичките организации, а посебно вештини на комуникација, размена на информации и соработка со соодветни надлежни институции и служби во функција на спречувањето на тероризмот.

***Методика на истражување на насилен и имотен криминал (6 ЕКТС)***

Стекнување со знаења,  вештини и способности за препознавање на сериозните и организирани облици на  насилен имотен криминалитет и насилен криминалитет против животот и телото и против половата слобода и половиот морал, или познати како крвни и сексуални деликти. Посебно стекнување со вештини за тимски пристап во криминалистичкото истражување на поединечните криминални случаи и криминалните случаи со организиран карактер, посебно вештини на соработка и комуникација со јавниот обвинител како координатор на криминалистичката истрага. Примената на традиционалните и современите тактики, техники и методи е значајно со цел целосно расветлување на криминалните настани со обезбедување на релевантни доказни материјали кои се поврзани со примена на современи техники и методи на истражување на кривичните дела. Стекнување на знаења и вештини за раководење со место  на криминален настан од моментот на дознавање, до целосна реализација со покренување на кривична постапка против сторителите.

***Методика на истражување на компјутерски криминал и компјутерска форензика  (6 ЕКТС)***

Стекнување на знаења, способности и вештини за препознавање на појавните облици и форми на организиран компјутерски криминалитет, раководење со криминалистичко истражување на компјутерски инцидент, знаења и вештини за соработка со форензичарите за обезбедување на електронски доказ со почитување на чекорите за расветлување и обезбедување на електронски доказ. Вештини за анализа на електронски доказ и анализа на сите докази за целосно расветлување на криминалната ситуација, соработка на национално ниво – регионална и национална соработка, како и меѓународна соработка кај транснационалните компјутерски инциденти и соработка во мешовити меѓународни тимови на истрага.

## ***Методика на истражување на организиран криминал   (6 ЕКТС)***

Стекнување на знаења за современите методи во отркивање на новопројавените современи облици на  кривичните дела од областа на организираниот криминал и корупцијата, за новопројавените модус операнди- начини на извршување , облиците во кои се пројавуваат и како и примена на современите методи и средства за нивното откривање и докажување.  Преку проучување на програмата студентите ќе бидат способни за препознавање на новопројавените облици на кривичните дела од областа на организираниот криминал и корупцијата, квалитатино попродлабочено проучување на начинит на извршување, инфилтиррање на приапдниците на организираните криминални групи во институциите по пат на корупциајта, со цел заштита од кривично гонење.

## ***Методика на истражување на нарко криминал (6 ЕКТС)***

Студентот ќе може да ги препознае видовите на опојни droги, да направи разлика помеѓу употреба и злоупотреба на опојните дроги, да изврши дефинирање на наркокриминалитетот. Да репродуцира солиден квантум на научни знаења и сознанија за основните карактеристики на кривичните дела поврзани со неовластено производство, држање и ставање во промет на опојните дроги, модусот опеаранди на делување на организирани криминални групи кои се занимаавaат со недозволена трговија со дрога,